ДАРИНКА ПЕТРЕСКА

# ОПШТЕСТВЕНО ПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА ВО МАЛЕШЕВИЈАТА ОД КРАЈОТ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ДО 1921 ГОДИНА

## 1. Крајот на Првата светска војна и враќањето на српските окупаторски власти во Малешевијата

По распаѓањето на Македонскиот (Солунскиот) фронт во средината на сепетември 1918 год. низ Малешевијата поминале неколку илјади војници од бугарската војска. Тие се повлекувале без ред, огорчени од положбата во која се нашле. Меѓутоа, дел од нив во овој крај доживеале уште една драма. Истоштени, гладни, жедни и ранети, на 23.IX.1918 година при повлекувањето од Струмица кон Берово, наишле на бугарски коњички единици распоредени во позадината да ги пронаоѓаат и фаќаат дезертерите.[1] Поради брзиот тек на настаните војниците од коњичките единици се уште не биле известени од нивната команда дека фронтот се распаднал и тие настојувале да ги вратат назад оние што се повлекувале, сметајќи ги за дезертери. Со вперено оружје им го попречувале патот и не им дозволувале да влезат во Берово. Дури стрелале во оние кои биле упорни и сакале да го продолжат повелкувањето.[2] Кон војниците се приклучиле и дел од дезертерите кои

[1]Во последната година од војната, а особено по Октомвриската револуција во Малешевските Планини и Огражден се криеле голем број војници - дезертери од бугарската војска, претежно Македонци, кои под влијание на антивоената пропаганда на социјалистите го напуштиле фронтот на секторот кај Беласица.

[2]Войнишкото въстание 1918, Спомени, Издателство на БКП, София 1958, 104-105.

од порано се криеле во Огражден и Малешевските Планини. Опфатени од антивоеното расположение и под влијание на пропагандата на социјалистите за неопходноста од револуционерни промени во Бугарија, овие разбунтувани војници на 24 и 25 септември 1918 година успеале да се соберат меѓу Берово и Пехчево, се самоорганизирале и тргнале кон Горна Џумаја (Благоевград), од таму за Софија и Радомир и учествувале во Војничкото востание во Бугарија.[3]

Луѓето од Малешевијата биле сведоци на сé она што се случувало во споменатите денови и кај нив уште повеќе се зацврстило сознанието за бесперспективноста на крвавите воени пресметки, водени за остварување на големодржавничките аспирации на балканските влади и монархии. Токму затоа, пропагандата на војниците и офицерите-социјалисти за казнување на шовинистите и милитаристите во Бугарија и на целиот Балкан и објаснувањата дека преспективата на народите е во револуцијата и создавањето на Балканска социјалистичка федеративна република, наидувале на одобрување кај дел од населението во овој крај.

При настапувањето на војските од Антантата во вардарскиот дел од Македонија за кратко време влегле и делови од грчката војска. Последните допреле и до Малешевијата. За време на нивниот неколкудневен престој, при крајот на септември 1918 година тие пројавиле големи самоволија спрема населението, грабеле храна и добиток и сл.[4] Српските војски, пак, на денот на капитулацијата на Бугарија на 29 септември 1918 година веќе стасале до Царево Село (Делчево).[5] Наредните денови тие ја реокрупирале и Малешевијата.

Во октомври истата година војските на трите соседни држави: Србија, Бугарија и Грција повторно се нашле на истите гранични линии низ Македонија, воспоставени со Букурешкиот договор од 1913 год. Малешевијата останала најисточно подрачје под српска власт на чија источна и јужна страна била воспоставена српско-бугарската граница.[6] Оваа положба ќе остане непорменета до ноември 1919 година, кога според решението на Мировната конференција, Струмица со околината

---

[3]Христо Христов, Войнишкото въстание, библиотека „Героична летопис", год. II, София 1961, кн. 4, с. 53-54; Петар Стојанов, Антивоеното расположение на фронтот во Македонија кон крајот на 1917 и во текот на 1918 година, Гласник на Институтот за национална историја (ГИНИ), Скопје 1967, год.XI, бр. 2, 61.

[4]Пано Фичорски, Владимирово, Скопје 1992, 173; Социјалистичка зора, бр. 130, Скопле 10 децембар 1920, (Во објавениот напис „Македонија" препечатен од в. „Глас слободе", за грабежите и реквизициите извршени од грчките војски во Македонија во крајот на Првата светска војна се вели дека тие ги надминале во своите недела сите други балкански војски.)

[5]Никола Едровски, Штип во војните (1912-1918), Зборник - Македонија во војните (1912-1918), МАНУ, Скопје 1991, 335.

[6]Делбите на Македонија (1912-1912), Публикација со текст, фотографии и документи, Скопје 1972, 33.

била окупирана од српските воени власти.[7] Тоа овозможило повторно да се воспостави слободна комуникација на населението од Малешевијата и од Струмичката околија.

Со повторната српска воена окупација во октомври 1918 година, Малешевијата влегла во Брегалничката дивизиска област, а по реорганизацијата во 1920 год. во Вардарската дивизиска област. Во 1918/1919 година во Берово и Пехчево, биле стационирани четири српски водови. Трите од нив во Берово и едниот во Пехчево, требало во секој момент да бидат подготвени за поддршка и содејство со 23-та гранична чета, која била распоредена на граничната линија од планината Кадиица до планината Огражден, со 61 војник-граничар и 10 стражарски места.[8] Во Малешевијата веднаш биле распоредени и српски жандармериски сили. Во Брегалничкиот округ со седиште во Штип, во ноември 1919 година се наоѓала IV-та жандармериска чета со вкупно 359 жандари. Од нив во Малешевијата бил распореден VI-от вод со седиште во Берово и со вкупно 23 жандари и еден офицер.[9] Меѓутоа српските воени и цивилни власти во Брегалничкиот округ во тек на 1919/1920 година во своите извештаи до централните органи во Белград укажувале дека жандармериските сили не биле доволни да ја обезбедат српската власт и дека треба да се зголеми бројот на граничарите, а особено на жандарите и да се формираат летечки чети.[10]

Во административната поделба на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, во периодот на т.н. државен провизориум, до изгласувањето на Видовденскиот устав во 1921 година. Малешевијата била вклучена во Брегалничкиот округ,[11] како посебна околија, определена како „Малешки срез" со административен центар во Берово. Околијата била поделена на четири општини: Беровска, Пехчевска, Владимирска и Митрашинска, со вкупно 16 населени места.[12] На своите места во околиската управа се вратиле повеќето чиновници: Срби и

---

[7]Десанка Тодоровиќ, Окупацијата на Струмица 1919 година, ГИНИ, Скопје 1966, год. X, бр. 1, 54-59.

[8]Архив на Македонија (АМ) Скопје, микро филм 342 (Трета армиска област: Распоред на XXIII пешадиски полк; Распоред на граничните чети на I-от отсек... 24.I.1919)

[9]АМ, мик. филм 342 (Трета армиска област: Распоред на четите, пов. бр. 625, 2.XI.1919) - За појасна претстава ќе го наведеме распоредот во целост. Во Брегалничкиот округ жандарите биле распоредени на сл. начин: Од вкупно 359 жандари во: Штип 239, во Св. Николе 25, во Радовиш 25, во Кочани 22, во Царево село 25, во Берово 23).

[10]Завод за заштита на спомениците на културата и Народен музеј - Штип (Завод - Музеј), - Збирка, Брегалничка област, папка бр. 1, ин. бр. 33 (Писмо на Началникот на Брегалничкиот округ до Командантот на II-ра жандармериска бригада, пов. бр. 576, 2.VI.1919); АМ, мик. филм 344 (Трета армиска област, предмет: Засилување на жандарите и одредите за гонење во Македонија, пов. бр. 15285, 1.X.1920)

[11]Во Брегалничкиот округ влегувале следните околии: Штипска, Светиниколска, Радовишка, Кочанска, Царевоселска и Малешка (Малешевска).

[12]Во Беровска општина влегле: Берово, с. Ратево, с. Смојмирово, с. Двориште, во Пехчевска: Пехчево, с. Чифлик, С. Негрево, с. Умлена, с. Црник, во Владимирска: с. Владимирово, с. Русиново, с. Робово и с. Мачево и во Митрашинска: с. Митрашинци, с. Будинарци и с. Разловци.

Црногорци, кои биле тука и во 1913-1915 година. За претседатели на општините и другите општински чиновници и стражари биле назначени просрпски ориентирани Малешевци, особено оние кои од страв пред доаѓањето на бугарските окупаторски власти во октомври 1915 година беа заминале со српската војска, а со враќањето на истата во Малешевијата и тие се вратиле како „Солунци".

**2. Политичко-безбедносна положба**

- нејавување на мобилизацијата, одметнувиштво, бегање преку граница, самоволија, грабежи, недозволена трговија (контрабанда) -

Кај поголемиот дел од населението, враќањето на српските воени и цивилни власти во Малешевијата, предизвикало незадоволство и страв. Незадоволството доаѓало од сé она што се случувало во периодот по повлекувањето на турските војски и власти во 1912 година: војните, делбите на Македонија, смената на окупаторските власти, реквизициите, мобилизациите[13] и сл. Од друга страна направените самоволија и насилства на српските окупаторски власти и српските четнички елементи во периодот на „прво српско" т.е. од 1913 до 1915 година, а особено од летото 1914 по влегувањето на Србија во Првата светска војна до заминувањето на нејзината војска во октомври 1915 година,[14] оставиле во овој крај такви траги, кои кај малтретираните поединци и фамилии го зголемувале стравот повторно да не доживеат нешто слично. Вакво било расположението и во оние семејства кои имале војници мобилизирани во бугарската војска, или војници кои дезертирале од српската војска, но и кај оние кои учествувале добро-

[13]На овие состојби во вардарскиот дел на Македонија се посветени трудовите на Крсте Битоски, Положбата во Вардарска Македонија за време на бугарската окупација (1915-1918), ГИНИ, Скопје 1960, год. IV, бр. 1-2, 47-80; Александар Апостолов, Вардарска Македонија од Првата светска војна до изборите за Конституанта - 28 ноември 1920 година, Годишен зборник на Филозофски факултет, Скопје 1962, кн. 13, 27-38.

[14]Во казнените експедиции на српските четници за пронаоѓање на комитите од ВМРО во тек на 1914 и 1915 год., но повеќе за заплашување на населението биле правени масовни апсења на мажите, нивно групно или поединечно испитување, малтретирање, а некои биле и убиени. Меѓутоа биле малтретирани и убивани и жени, особено на оние мажи кои побегнале преку граница, на бугарска територија. Во сеќавањата на постарите Беровчани се уште е присутна сцената на мачењата и убиството на една група мажи и жени во пролетта 1915 година во штотуку подигнатата дрвена конструкција на црквата св. Богородица во центарот на Берово. Од таа група одвај со големи молби биле пуштени претепани: Параскева Кацарска и Елена Зографовска (По кажувања на Димитар Кацарски син на Параскева Кацарска, роден 1904 година изречени пред авторот на овој прилог на 4.VIII.1991 год.); за некои од насилствата во споменатите години во Малешевијата пишува и Димитар Гоцев во неговата книга. Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, изд. БАН, София 1981, 149-150.

волно или биле натерани да помагаат и учествуваат во организирањето на бугарската окупаторска власт во Малешевијата од 1915 до 1918 година.

Набрзо по враќањето на српските воени и административни власти во околијата, повеќе млади луѓе кои веќе биле во бугарската војска, или требало да подлежат на мобилизација, избегале преку граница во Бугарија, односно во пиринскиот дел на Македонија и се задржувале во пограничните места: Горноџумајско, Светиврачко, Петричко и Струмичко (до крајот на 1919). Во јули-август 1919 година српските воени власти извршиле мобилизација и во Македонија.[15] Тоа предизвикало големо незадоволство кај населението. Дел од повиканите обврзници не се јавиле пред воените комисии. Во Малешевијата многу од нив се криеле во околните планини. Во тек на 1920 година започнала редовна мобилизација. Во Малешевијата биле направени претходни подготовки таа да биде успешна.[16] Од цела Малешевија во пролетта 1920 година биле повикани 109 младинци.[17] Меѓутоа од нив доброволно без принуда се јавиле само 11. Другите се криеле или емигрирале. Токму затоа српските воени власти презеле мерки со помош на општинските и околиските власти и жандарите да ги принудат младите регрути да одат пред регурутните комисии и другите надлежни органи за тоа.[18]

Поради неодѕивот на мобилизацијата што бил присутен и во другите краеви на Македонија, а и поради стравот од исходот на предизборните борби, воените власти во септември 1920 година повикале на двомесечна вежба околу 2.000 обврзници. Според мислењето на самиот конамдант на Вардарската дивизиска област и таа била нецелисходна, бидејќи им давала повод на ,,разорните елементи" да водат успешна агитација против ,,сегашниот ред и положба во Македонија", затоа и одѕивот на регурутите за оваа вежба е многу слаб и никакви мерки не можеле да помогнат.[19] Во Малешевијата и во овој случај се повторило истото како и при редовната мобилизација од пролетта 1920 година. Поголемиот број повикани Малешевци биле на возраст од 20 до 40 години. Меѓу нив се пренел глас дека ќе бидат одведени на албанскат агреница каде се уште ситуацијата не била смирена и имало чести вооружени судири. Повеќето од овие Малешевци избегале во шумите, а други емигрирале.

---

[15]Branko Petranović, Istorija Jugoslavije, Beograd 1988, knj. prva, 91

[16]Архив на Македонија, Подрачно одделение - Штип, фонд Православно намесништво на Малешевска околија, кутија 1, арх. бр. 293 (7.I.1920)

[17]Иванъ Михаиловъ, Спомени, кн. II, Освободителна борба 1919-1924), 1965, 69.

[18]АМ, мик. филм 343 (Команда на Трета армиска област, бр. 6135, 14.X.1920); Димитар Кушевски, Животопис - мои преживелици (Спомени во ракопис, с. 34-37, Сопственост на фамилијата Кушевски - Скопје).

[19]АМ, мик. филм 343 (Команда на Вардарската дивизиска област, пов. бр. 7827, 24.IX.1920).

Под притисок на јавното мислење и протестите, особено од страна на КПЈ и други антирежимски сили, регрутацијата била прекината, а оние офицери и војници резервисти, кои веќе биле на воена вежба, биле отпуштени.[20] За слабиот одзив на мобилизацијата се зборува и во општиот извештај на Командата на Третата армиска област од 14.X.1920 година. Поконкретно во него за Штипското пуковско окружје се вели дека таму биле ангажирани полициските органи и општинските одбори, да ги доведуваат регрутите во определните места. Во истиов извештај самите српски воени власти морале да признаат дека мобилизацијата во Македонија е исфорсирана, дека има многу пропусти, пројавена корупција од страна на органите одговорни за тоа, но дека причината за неуспехот на истата лежи и во расположенитео на народот против воената обврска и против државата и затоа „многу регрути пребегнале преку гранца или побегнале во шумите и планините каде се кријат, а многу се оддале на качаштво и пљачкање˝.[21] Се чини дека Малешевијата била една од најочигледните примери за таквиот однос и отпор.

Секако дека мобилизацијата била една од поважните причини, но не и единствена за преминувањето на југословенско-бугарската граница и одметнувањето во околните планини. Во Малешевијата постоеле и други причини за тоа. Крајно неодговорниот однос на чиновниците Срби и особено самовоијата на поедини жандари,[22] предизвикувале револт кај одделни Малешевци кои не сакале да се покоруваат и да ги трпат секојденвните закани, приведувања во Околиската или општинските управи и посебно во жандармериските станици. Големо било незадоволството и од отворениот грабеж на претставниците на големо српскиот режим преку земањето мито и со отворената корупција,[23] потоа и од принудната работа - ангарија,[24] од фаворизирањето на просрпско ориентираните поединци, особено на „Солунците˝. Оние Малешевци кои не можеле да го трпат ваквото однесување на претставниците на големосрпскиот режим се решавале на

---

[20] АМ, мик. филм 343 (пов. бр. 7827, цит.)

[21] АМ, мик. филм 343 (пов. бр. 6135 цит.)

[22] Еден од најпознатите по своите самоволија бил жандарот Ананија Илиќ. Неговото однесување станало толку неодговорно, па дури и големосрпските власти во Околијата морале да реагираат и во текот на 1923 година бил притворен поради разбојништво (Завод - Музеј, Штип, фонд-збирка, Брегалничка област, папка бр. 5, бр. 149 и 146).

[23] Социјалистичка зора, 14 јули 1920, бр. 48.

[24] Васил Ролев од Берово во разговорот воден со авторот на овој прилог во Делчево на 9-ти август 1970 год., ги изнесе, за своето преминување во Пиринскиот дел на Македонија во 1919 год., следниве причини: принудната работа и односот на српските власти кон населението. Подоцна по 1920 год., истиот бил опфатен од организацијата на Тодор Аледсандорв и станал четник во Малешевската чета на истата организација.

емигрирање во Бугарија или одметнување и илегално движење во Малешевијата и во соседните околии. Сите овие Македонци од овој крај на таков начин го манифестирале своето незадоволство од асимилаторската политика и од отворениот економски грабеж во овој дел на Македонија.

Меѓутоа имало одметнување исклучиво само за ограбување на населението од овој крај. Често поединци, или групи напаѓале на трговци кои се враќале од пазар, им ги земале парите или стоката,[24-а] на луѓето по колибите - индивидуалните планински имоти и куќи - им го земале добиткот, сирењето, волната или изнудувале пари, а имало случаи и да ги убиваат.[25] Вакви разбојнички банди доаѓале и од соседните околии.[26] Големосрпските власти и самите помагале да се појавуваат такви одметници. Тие апселе луѓе кои ќе ги прогласат за сомнителни, или како „бугараши", или оние кои им се спротивставувале при спроведувањето на одредени мерки. Во Малешевијата се случувало притворените да избегаат и потоа да се одметнат да се движат сами или во група, или пак да се приклучат на некоја „комитска чета".[27]

Во Малешевијата илегално преминувале, во тек на 1919 година и емигранти кои се наоѓале во Струмица и го чекале решението на Париската мировна конференција. Меѓу нив имало четници од врховистичката струја во ВМРО, кои во исчекување на споменатото решение не се занимавале толку со пропагандно четничка дејност, туку биле ангажирани со недозволена трговија и грабежи. Во српските воени извештаи како една од поактивните такви чети која преминувала илегално и во Малешевијата се посочува онаа на чело со Јован Белчо од с. Русиново. Подоцна кога и струмичко потпаднало под српска власт, неговата чета продолжила илегално да се движи во Струмичко и Малешевско.[28] Истата се бавела со контрабанда и „шверцувала жито, сол, шарлаган, тутун, памук".[29] Сето тоа било пренесувано од овој дел на Македонија во пиринскиот дел. Се шверцувало и обратно од пиринскиот дел во овој дел на Македонија и тоа најмногу добиток. Понекогаш бројот на луѓето што го терале добиткот бил поголем дури и до 20, кои најчесто биле вооружени.[30] Не биле ретки случаите и самите

[24а] Завод-Музеј, Штип, фонд-збирка, Брегалничка област, папка бр. 2, инв. бр. 99 и ин. бр. 101.

[25] Еден од најпознатите одметници поединци во Беровско бил Атанас Дракалски-Пенчо. Тој се одметнал откако успеал да избега од затвор во 1919 год.

[26] Јеремија М. Павловиќ, Малешево и Малешевци, Београд 1929, 271-272.

[27] АМ, мик. филм 342 (Трета армиска област, Писмо од Началникот на Брегалничкиот округ до Командантот на Брег. дивиз. област од 1.XI.1919).

[28] Исто

[29] АМ, мик. ф. 344 (Трета армиска област, Извештај од Командантот на Вардарската дивизиска област до Командантот на Третата армиска област, пов. бр. 2514 од 30.III.1920).

[30] АМ, мик. ф. 341 (12-та чета на Граничните трупи, бр. 322-3.IV.1919)

власти да учествуваат во оваа недозволена трговија. Разбојничките банди кои се занимавале со контрабанда го продавале и добитокот ограбен од планинските колиби во Малешевијата, а власта не можела да го спречи во тоа, или поточно не се ни трудела многу тоа да го прави во овие први години.

Покрај ова ограбување од разни поединци и разбојнички банди, населението во Малешевијата било изложено и на отворен грабеж од околиските и општинските чиновници и други доверени лица на големосрпскиот режим. За тоа каков бил овој грабеж, мошне сликовито пишувал народниот учител Ѓока Мартиновиќ од Пехчево. Во неговиот допис „Од периферијата на колонијата", објавен во в. „Социјалистичка зора" од 14 јули 1920 година, тој соопштува: „нема на земјината топка а уште помалку во Југославија, поголема корупција од оваа во нашата околија... Во оваа околија се наоѓаат неколку луѓе, кои под заштита на власта пљачкаат и одземаат сé... Во оваа општина се наоѓа еден претседател (се однесува на пехчевска општина б.м.) кој не се воздржува ни од најотворена пљачка".[31] Поради тоа, а и поради малверзациите со слободната земја, која се давала на лицитација под закуп, онака како што одговарало на претставниците на режимот и доселениците Срби и Црногорци, а не на сиромашниот човек од овој крај, била упатена жалба и до владата на Кр. СХС.[32]

Наместо да ги бараат причините за ваквите појави и за незадоволството на населението во Малешевијата во својата реакционерна и денационализаторска политика, спроведувана од неодговорни и корумпирани чиновници, српските воени и цивилни власти барале зголемување на воените и жандармериските сили и формирање летечки чети за подобрување на политичко безбедносната положба во целиот Брегалнички округ, а со тоа и во Малешевската околија.

### 3. Македонските национално револуционерни и социјалистички сили и нивното влијание врз политичкото расположение на масите во Малешевијата

Освен споменатата сосотјба на несигурност за имотот и животот на луѓето во првите години по војната, врз расположението на населението од овој крај имале влијание и настаните директно поврзани со понатамошната судбина на Македонија и на македонскиот народ. Големо било незадовослтвото од неостварените стремежи и желби за воспоставување на територијалниот интегритет и за конституирањето на македонската држава. Иако и бугарските и српските власти при

[31] Социјалистичка зора, 14 јули 1920, год. XI, бр. 48.
[32] Исто

нивното доаѓање во Малешевијата нашироко пропагирале дека дошле како ослободители, Малешевци не ги прифаќале како такви, туку најчесто го изразувале своето мислење со изреката „си отидоа Србите дојдоа Бугарите, си отидоа Бугарите дојдоа Србите". Така била сфатена и оваа српска окупација втора по ред која зпочнла во октомври 1918 година. Меѓутоа, во текот на 1919 година се уште постоеле надежи дека и на македонскиот народ ќе му се признае правото на смоопределување. Во таа смисла многу се очекувало од Мировната конференција во Париз. Во исто време повеќе македонски друштва и организации се ангажирале да ги запознаат владите и делгациите на големите држави учеснички на Конференцијата со стремежите и барањата Македонија да се конституира како посебна државно-политичка единица на Балканот, чија самостојост би била гарантирана од една од големите сили, или од Друштвото на народите. Една од овие организации била и Обединетата бивша Внатрешна македонска револуционерна организација на чело со раководно тело познато под името Привремено претставништво.[33] Со своите програмски определби, со барањата претставени пред владите и делегациите на државите учеснички на Мировната конференција и преку богатата издавачка дејност, Претставништвото привлекло голем дел од македонската емиграција во Бугарија, а обезбедило голема поддршка и од македонскиот народ во пиринскиот дел од Македонија, но имало влијание и во другите делови на Македонија. Меѓу оние погранични краеви каде директно се осетило влијанието на активностите на Привременото претставништво била и Малешевијата. Во соседните околии кои биле под бугарска власт: Горноџумајска, Струмичка, Петричка и Мелничка, групите и одборите на Привременото претставништво забележиле голем успех. Во сиве овие околии имало емигранти од Малешевијата. Дел од нив ги прифатиле програмските цели и барања на Привременото претставништво и се вклучиле во организираната поддршка на истото. Во средината на 1919 година во Одборот на Привременото претставништво во Горна Џумаја се наоѓал и Иван Ингилизов од Пехчево.[34] Поедини емигранти Малешевци преминувале илегално во своите родни места и пренесувале информации за расположението и активностите на организираните мекедонски сили во Горна Џумаја.

[33]Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Универзитет „Кирил и Методиј", Скопје 1981, 607.

[34]Бюлетинъ на Врѣменното прдставителство на обединената бивша вътрешна македонска револю ционна организация, Но-5, с.; Но-6, с.7 (И. Ингилизов бил долгогодишен учесник во Македонската револуционерна организација и еден од учесниците на Солунскиот конгрес во 1903 год, подоцна станал доверлива личност на Т. Александров и Ванчо Михаилов и бил избран во 1932 год. за пратеник на тн. „независна листа" на ВМРО врховистичка во Бугарското собрание).

Во Струмица и околината во текот на 1919 година имало поголем број бегалци од соседните околии кои останале под српска власт: Гевгелиска, Радовишка, Дојранска, Малешевска и др. Меѓу нив се наоѓале и повеќе војводи и ревоуционери од Македонската револуционерна организација и врховисти и санданисти.[35] Овие последниве најактивно се вклучиле во поддршката на Привpменото претставништво на Обединетата бивша ВМРО. Во Автономното бро на Привременото претставништво во Струмица бил избран и санданистот Сава Христов (Младеновски б.м.) од с. Владимирово Беровско.[36] Истото биро на 20 јули 1919 година упатило барање до Привременото претставништво за Независна автономна Македонија и со кое емигрантите и месните жители од Струмица се солидаризирале со чистиот автономен принцип на целокупна Македонија. Во долгиот список на претставниците на емиграцијата со кој е проследено споменатото барање, покрај името на Сава Христов се наоѓа и она на Борис Чачев како претставник на емиграцијата од Беровско.[37] Потписот на С. Христов се наоѓа повторно меѓу дванаесетте членови на Автономсното биро на гр. Струмица под Резолуцијата од 13 август 19191 година. Во продолжение следат 400 потписи на сомисленици.[38] Резолуцијата е испратена до Привременото претставништво со иста цел како и првото барање.

Сава Христов во текот на 1919 година илегално ја преминувал границата воспоставена меѓу Берово и Струмица и повремено престојувал во Владимирово, а по приклучувањето на Струмичко кон Кралството СХС продолжил илегално да престојува во Малешевијата и одиграл значајна улога во време на општинските и изборите за Конституанта во 1920 година.[39] Тој и другите емигранти и бегалци кои поминувале илегално од Струмца во Малешевијата донесувале со себе и̍ материјали објавувани од споменатата организација. Истите биле тајно доставувани до старите раволуционери кои се уште се наоѓале во Малешевијата. Во Владимирово имало една таква група стари револуционери, во соседното с. Русиново се наоѓал социјалистот и војводата Никола Петров Русински. Неговото богато револуционерно искуство, како социјалистички пропагатор, организзатор, војвода и инструктор во Македонската револуционерна организација од Илинденскиот период, исто така, придонело за воспоставување и одржување

---

[35]АМ, м. ф. 341 (Трета армиска област, 10.V.1919); м.ф. 342 (Началство на Брегалничкиот округ, пов. бр. 536, 19.V.1919)

[36]Бюлетинъ, Но-10, с. 12

[37]Исто

[38]Исто, с. 5

[39]Тоа му го соопшти на авторот на овој прилог, внукот на Сава Христов, Славе Младеновски во разговорот воден во Берово на 24.I.1993.

врски со револуционерите - санданисти и социјалистите во Струмица, но и со другите револуционери во Малешевијата. Н.П. Русински ги ширел социјалистичките идеи и антивоеното расположение уште во текот на Првата светска војна меѓу луѓето од Малешевијата и од другите краеви, кои таму биле собрани од бугарските власти да помагаат во изградбата на патот меѓу Берово и Струмица.[40]

Во тек на Првата светска војна и веднаш по нејзиното завршување во Берово престојувал и македонскиот поет, публицист и социјалист Атанас Раздолов.[41] Раздолов им бил мошне пријатен и интересен соговорник на Беровчани.[42] Неговите сограѓани со внимание ги слушале неговите филозофско-сатирични досетки, низ кои често провејувало длабокото незадоволство и разочарување од судбината на неговата татковина Макеоднија заедно со осудата на блаканските влади и династии кои ги раскарале народите и ги туркале во војаната меѓусебно да се уништуваат. Меѓутоа, кон крајот на август 1919 година кога веќе бил убеден дека Парисската мировна конференција ќе се оглуши од барањата на Македонците за Автономна Македонија, а ќе ги потврди границите со кои е поделена неговата татковина, тој разочаран го напуштил својот роден град и повторно емигрирал во Бугарија, но негоивте идеи и гледишта останале долго присутни кај голем број луѓе од чаршијата, меѓу занаетчиите и трговците, кај младите од градот и околијата и влијаеле на политичкото распложение во првите години по војната.

Револуционерното вриење во Бугарија и пиринскиот дел на Македонија и организираното настапување на социјалистичките сили во 1919 и 1920 година особено нивниот успех на изборите имале, исто така, одредено влијание и врз расположениеето на масите во Малешевијата. Посебно тоа се осетило по успехот на БКП (т.с) на изборите од 17 август 1919 година во Струмичко. Таму, организираните социјалистички-комунистички сили, под раководство на македонскиот револуционер, санданист и социјалист Иван Илиев, однеле голема победа. Добиле 75% од гласовите во струмичкиот крај.[43] Во тие активности голема улога имал соработникот на Илиев, народниот учител и социјалистот Димитар Ацев Шуманов од Берово, кој бил учител во с. Босилово, Струмичко.[44] Вестите за овие настани во соседната

---

[40]Благој Чукарски, Економско-социјалните последици од војните од 1912-1918 со посебен осврт на Малешевско, Зборник-Македонија во војните 1912-1918, МАНУ, Скопје 1991, с. 371.

[41]Васил Тоциновски, Зборот куршум и динамит - Атанас Раздолов, Скопје 1990, с. 105 (Во тек на Првата светска војна Раздолов често патувал од Берово за струмица и таму се среќавал со негови другари, меѓу кои и со таткото на Антон Попов, учителот Никола Попов од с. Игуменици).

[42]Исто 104-105

[43]Пиринско дело, Орган на Окр. комитет на БКП, Народен съвет и Окр. комитет на Отечествения фронт, Благоевград, год. XIX, бр. 120. (10.X.1963).

[44]Исто

околија под бугарска власт берзо биле пренесени во Малешевијата. Мегутоа, информации за силното штрајкачко движење во Бугарија во крајот на 1919 година особено во време на протестите на железничарите и поштенските работници, пристигнувале и преку поединци Македонци кои илегално се враќале во овој дел на Македонија и поминувале преку Малешевијата. Меѓу нив бил и социјалистот Димче Зографски, кој при крајот на март 1920 година на враќање од Дупница (станке Димитров) за Штип, се задржал два дена кај неговиот добар другар и соученик од дупничката гимназија Методи Попов од с. Будинарци.[45] Неспорно е дека Д. Зографски му пренел на М. Попов впечатоци и мислења за револуционерната атмосфера во Дупница.

Во овој крај се почувствувале и обидите на „автономистичката" ВМРО на Тодор Александров и Александар Протоѓеров да ја прошири агитационопрогандната и четничката дејност. Меѓутоа, во втората половина на 1920 година кога биле упатени членови на истата да ја започнат споменатата дејност, наишле на отпор и многу тешко, во наредната година, се одвивало опфаќањето на Малешевијата. Во дел од објаснувањата и оценките за ваквата неповолна положба на ВМРО „автономистичка" во овој крај, дадени од некои членови на истата, како главна причина се посочува одбивањето на одметнатите пранешни четници и групи, кои се занимавале со грабежи и разбојништво, да се стават под раководството на Т. Александров.[46] Меѓутоа дел од причините треба да се бараат и во релативно поголемото влијание на санданистите и социјалистите, кои тесно соработувале со национал-револуционерите од ТМОРО-ВМРО во Серскиот, Солунскиот и Струмичкиот округ. Малешевска околија организационо му припаѓала на Струмичкиот револуционерен округ, за разлика на пример од соседната Царевоселска околија, која му припаѓала на Скопскиот револуционерен округ и во која било поголемо влијанието на роководните кадри од истиот округ меѓу кои бил и Т. Александров. Имено во Малешевската околија се уште имало доста револуционери и социјалисти кои тешко можеле да се согласат со првите обиди на „автономиситчката" ВМРО да стане единствен фактор во македонското револуционерно движење. Меѓутоа,

---

[45]Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930, Скопје 1974, с. 38-39.

[46]Иванъ Михаиловъ, Спомени, том II, цит... 94-97; Одделение за документација во Институтот за национална историја, Скопје, Илија Станоев, Мемоари (спомени) во ракопис, с. 66, Сл. IV 792. (Овој учесник во настаните и четник на автономистичката ВМРО од с. Двориште, Беровско, забележал дека од 1920 до 1922 год. се движеле вооружени групи и чети, но повеќе се занимавале со грабежи, отколку со некаква револуционерна работа. Дури во август 1922 г. во неговото село дошле Г. Виндев - Стумички војвода и Борис Тиков - Малешевски војвода на Тодораександровата ВМРО и тогаш повеќе селани биле собрани и дале заклетва).

по саморастурањето на Привременото претствништво на Обединетата бивша ВМРО, по декларативното прифаќање на идејата на Автономија на Македонија од страна на Т. Александров и неговиот повик за искористување на легалните форми и можности за дејствување во вардарскиот дел од Макеоднија за преуредување на Кралството СХС врз фееративни начела[47] и со препораките да се дава поддршка на политичките партии од опозицијата во време на изборите во 1920 година, дел од поранешните револуционери од овој крај во текот на 1921 и 1922 година попуштиле и почнале да влегуваат во организциите и комитетите на „автономистичката" ВМРО, а била формирана и Малешевската чета. Пристапувањето на дел од поранешните санданисти во Пиринскиот дел на Македонија во месните комитети и организации на „автонимистичката" ВМРО имало влијание и врз револуционерите од истото крило во Малешевијата. Сепак, во периодот за кој зборуваме во овој прилог споменатата организација се уште не можела да обезбеди некое поголемо влијание и да има пресудна улога во политичкиот и општествениот живот во Околијата. Сите овие активности за проширување на: програмските цели и задачи на Привременото претставништво, влијанието на старите социјалистичи сили и на революционерните идеи поттикнати од Октомвриската револуција, од една страна и обидите на „автономистичката" ВМРО да продре во оваа околија, од друга страна, се одвивале во длабока илегалност, но српските воени и цивилни власти будно го следеле движењето на луѓето и внимавале на нивното меѓусебно комуницирање и однесување за да спречат било какво антирежимско организирање и пројавување. Српските влсти настојувале да ги откријат носителите на идејата за Автономија на Македонија уште во 1919 година, но тоа тешко им одело. Началникот на Брегалничкиот округ во своето писмо до Командата на Третата армиска област од 14.V.1919 година признава дека не е можно да се направи список на истакнати лица за автономија на Македонија бидејќи немало доволно докази за тоа, во спротивно „би требало да се направи список кој би опфатил огромен број".[49] Овој извештај е правен врз база на добиените податоци од српските влсти по околиите, што значи и од Малешевската околија; така, споменатата констатација важи и за неа. Кај српските власти била присутна загриженост од ширење на „болшевичка" пропаганда од територијата на Бугарија во пограничните

---

[47]Македония - Соборник от документи и материали, София 1978, 658-659.

[48]АМ, мик. филм 343 (Писмо-препис на српски, Драги сограѓани, потпишано со Богдан, псеудонимот на Т. Александров, семптември 1920); Иванъ Михаиловъ, Спомени, том II, цит... 116, 700.

[49]АМ, мик. филм 341 (Трета армиска област, Начелство на Брегалничкиот округ, пов. бр. 493, 14.V.1919-Штип).

места на Македонија.[50] Како што веќе изнесовме во Малешевска околија такво влијание постоело.

Големо српските власти во Малешевијата покажале недоверба кон повеќето свештеници и учители школувани во поранешните егзархиски духовни семинарии и егзархиските педагошки училишта. Ваквиот однос го поттикнувал уште повеќе антирежимското расположение кај овие Малешевци.

### 4. Изборите од 1920 година и засилување на мерките од страна на режимот

Освен споменатите идејни и политички влијанија на силите од македонското национално револуционерно движење и од македонските социјалисти, во Малешевијата се почувствувале и политичките групирања во рамките на Кралството СХС. Политичките партии настојувале да обезбедат што поголемо влијание и во овој крај. Меѓутоа, во текот на 1919 година поради веќе изнесените општествено-политички прилики во Малешевијата и поради се уште важечката од 1913 година „Уредба за обезбедување на општествената безбедност во завојуваните земји (до август 1919) не можела ни да се замисли некоја поголема политичка активност. На изборите за пратеници во Привременото народно претставништво (ПНП) на Кралството СХС изведени според еден Владин распис,[51] кон крајот на март 1919 година кој предвидувал посредно бирање преку повереници, македонскиот народ не дошол до „вистински парламентарен збор".[52] Едниот од двајцата избрани пратеници во Брегалничкиот округ бил Глигор Дракаловиќ од Берово - учител и школски надзорник,[53] член на Демократската партија и во ПНП се застапувал за нејзината големосрпска програма. Неговото учество во оваа претставничко тео не останало забележано со некој позначаен настап во корист на интересите и потребите на населението од Малешевската околија и пошироко од Брегалничкиот округ.

Сепак, во Малешевијата политичките групирања и влијанија на партиите се почувстувале повеќе во текот на 1920 година пред општинските, а особено пред изборите за Уставотворното собрание. Со оглед на тоа што големосрпскиот режим не дозволувал создавање на било

---

[50] АМ, мик. филм 341 (Трета армиска област, бр. 1789 - Телеграма од Белград до Командантот на Трета армиска област, 17.IV.1919).

[51] Stenografski zapisnici Privremenog narodnog predstavništva Kraljevstva Srba, Hrvata i Slovenaca, Sv. II, Zagreb 1920, s. 491, 656, 588-589.

[52] Moša Pijade, Izabrani spisi, I. tom, knj. 1, Beograd 1964, 194-195

[53] Стенографске белешке Привременог народног претставништва Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, св. I, Загреб 1919, с. 240.

каква македонска национална партија, бирачите во Македонија, а со тоа и во Малешевијата, можеле да се изјаснуваат и да гласаат за постоечките големосрпски и југословенски граѓански партии, за Националната турска организација - Џемиет и за Комунистичката партија на Југославија. Комуанистичката партија, и покрај тоа што немала јасна национална програма и изграден став по македоснкото национално прашање, со својата најотворена критика на целокупниот стопански и општествено-политички поредок, со силната антирежимска пропаганда во која ги раскривала: злоупотребите, самоволијата и корупцијата на српските чиновници и жандари во Македонија, со барањата за брзо решавање на најактуелните економско-социјални прашања на сиромашните градски и селски маси, со изнесувањето на тешките последици за стопанството во Македонија од повешегодишните војни и залагања за нивно што побрзо надминување и сл., си ги зголемувала шансите за голема политичка победа на општинските избори и изборите на Уставотовреното собрание во 1920. Претставниците на големосрпскиот режим го знаеле расположението на најголемиот дел од македонскиот народ. Во Брегалничкиот округ тие ги презеле сите мерки да спречат било каво организирање и јавно истапување на членовите на Комунистичката партија.[54] Меѓутоа, тие мерки биле мотив повеќе за давање на гласовите за оваа највлијателна паритја во опозиција. Раководството на Партиската организација во Макеоднија во време на подготвувањето за учество на општинските избори од 22 август 1920 година, се ориентирале само на поголемите градови, а во помалите места и во селата изборите требало да се бојкотираат. Меѓутоа се случило во некои села во Македонија да се истакне кандидатска листа на Партијата за членови на општинска управа. Едно од тие било селото Владимирово, седиштето на истоимената општина во Малешевската околија. Тука дошла до израз соработката на старите национал-револуционери, македонските социјалисти и нови членови на Партиијата.[55] Црвената кутија била наполнета. Властите во општината и околијата веднаш реагирале и

---

[54] Социјалистичка зора, бр. 19 (4 април 1920); бр. 117 (13 новембар 1920).

[55] Славе Младеновски во разговорот воден со авторот на овој прилог на 24.I.1993 год. во Берово ги посочи како главни организатори на подготовките за гласање во црвената кутија во 1920 год. (за општинските и парламентарните избори) во Владимирово: Сава Христов (Младеновски), Захарие (Заре) Чачев и неговиот татко, Мите Иќин (Едровски) и Ангел Чамински, а од комунистите учителот Драгомир; Марија Јовановиќ, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1929), Скопје 1983, 139. (Меѓу комунистите од Брегалничкиот округ кои во 1921 год. се нашле на списоците како неподобни за спроведување на асимилацијата во Македонија и кои требало да се преместат, бил и учителот Драгомир Рајковиќ од с. Владимирово, Беровско); тука треба да го спомeнеме и присуството и активноста на Никола П. Русински, токму во Владимиркса општина во која влегувало и неговото село Русиново.

почнале да ги бараат агитаторите. Веста брзо се проширила низ цела Малешевија. Тоа имало големо политичко влијание за поголемо ангажирање на сите антирежимски сили во Околијата за учество на изборите за Уставнотворното собрание и за гласање за листата на Партијата.

На овие избори од 28.XI.1920 година комунистичката листа во Малешевска околија добила апсолутно мнозинство во сите изборни места. Добила повеќе од сите други партии вкупно. Од вкупниот број запишани бирачи 2817 на изборите на Уставотворното собрание гласале 1478, од нив за Комунистичката листа 994, за Демократската листа 186, за Националната турска организација 156 и за Републиканската листа 133.[56] Изразено во проценти на изборите излегле 52,47% од вкупно запишаните бирачи, а за листата на Паритијата гласале 35,29% од гласачите кои излегле на изборите.[57] За споредба во соседната Царевоселска околија гласале само 1,17% за Партијата, а во Кочанската околија 4,67%.

Овој успех на Партијата во Малешевска околија претставувал плебисцитарно изјаснување на населението од овој крај против големосрпскиот режим и режимските политички партии, против економскиот грабеж, против разбојништвото, против самоволијата и корупцијата на српските чиновници и жандари. Тоа не било резултат на некоја суштинска определба за идеите на комунизмот, туку израз на незадоволството од крајно тешката економско социјална положба и резултат на ослободителните и револуционерни традиции во Малешевијата. Изборниот успех на Партијата во цела Македонија предизвикал голема реакција на големосрпскиот режим. Македонците кои гласале за листата на Партијата биле порглсувани за „бугараши˝, за антидржавни елементи, за туѓи елементи, за луѓе поврзани со „бугарските комити˝ и тн. Така најлесно можеле да се прогонуваат, апсат, судат. Во Малешевијата оваа реакција била мошне голема со оглед на споменатите резултати. Биле зголемени претресите, следењата, откривањата на „сомнителни˝ лица, апсењата. Овие мерки започнале веднаш по изборите, а особено се заостриле по донесување на Обзната на 29/30

---

[56]Статистички преглед избора народних посланика за Уставотворну скупштину Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, извршених дана 28 новембра 1920, Београд 1921, без пагинација (таблици: Срез Малешески и Срез Царевоселски). Во општиот преглед е направена техничка грешка и во таблицата за Царевоселска околија се ставени резултатите од двете изборни единици во Берово. Во никој случај седиштето на Малешевска околија - Берово не можело да биде во Царевоселска изборна околија, а дека таа е само случајна грешка се потврдува од сите други извештаи и телеграми од теренот во време на изборите и по нив. Ова последново мошне јасно е пренесено во книгата на Јован Јанев, КПЈ во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел од Македнија (1919-1921), Скопје 1992, 81

[57]Исто - Ј. Јонев, цит...

декември 1920 година и по изгласувањето на Законот за заштита на државата на 2 август 1921 година. Во 1921 година биле приведувани во општинските и околискиот затвор во Берово голем број лица поради комунистичка, антидржавна и др. дејност. Дел од нив биле водени и судени во повисоките истражни затвори и судови во Округот и во Скопје. Започнало преместување на учителите и поповите кои биле осомничени за создавање на антирежимско расположение. Дел од оние стари револуционери и социјалисти, како и други помлади луѓе кои директно учествувале во активностите околу предизборните борби толку биле набележани од големосрпските власти како виновници за она што се случило во Околијата, што било крајно опасно да останат во својот роден крај. Го избрале емигрантскиот живот и заминале некои сами некои со своите фамилии во Бугарија.[58] Во Малешевијата настапил период на засилена пропагандно четничка активност на „автономистичката" ВМРО, од една страна и поорганизирано настапување на контрачетничките српски потери, на воените и жандармериските сили, од друга страна, од чии дејства нејмногу бил погоден македонскиот народ, кој бил принудуван да ги прима, да ги храни, да им дава податоци и да ги трпи заканите, малтретирањата и казните и од едните и од другите.

**Даринка Петреска**

## Општествено политичката положба во Малешевијата од крајот на Првата светска војна до 1921 година


Резиме

По завршувањето на Првата светска војна Малешевијата останала под српска окупација. Во првите години политичко-безбедносната ситуација била многу лоша. Населението ги трпело самоволијата на српските воени жандармерски и административно управни власти. Во Малешевска околија се движеле одметнати поединци и групи кои се занимавале со грабежи. Цветала недозволената трговија - шверцот и корупцијата. Поради сложените економско-социјални прилики, поради несигурноста на имотот и животот и самоволијата на српските власти продолжил процесот на илегално преминување на југосовенско-бугарската граница и емигрирањето во Бугарија.


[58]Међу оние кои побегнале во Бугарија уште во крајот на 1920 година биле и споменатите лица од с. Владимирово, а во почетокот на 1921 година и Никола Петров (Чукарски) Русински со своето семејство./ АМ, Скопје, ф. Никола Петров Русински, Молба од Н.П.Русински до Претседателот на Народното собрание на Бугарија, Софија 30 ноември 1940, с. 2 - препис.)

Во вакви услови било манифестирано големо незадоволство од великосрпскиот режим. Од друга страна тоа создавало поволна почва да се одржува влијанието на идеите на Македонското национално ослободително движење од Илинденскиот период и на старите македонски социјалистички сили. Во исто време најголме дел од бирачите во Малешевијата на првите општински избори и на изборите за Уставотворното соврание во 1920 година го дале својот глас за КПЈ, како партија од крајната опозиција.


Darinka Petreska

Summary

Socio-political situation in the Maleshevo District
from the end of the World War I up to 1921

After finishing the World War I the Maleshevo District remained under Serbian occupation. The political and security situation was wery bad during the first years. The populaion beared both the self-will of the Serbian militery gendarmerie and of the administrative authorities. The outlaw individuals and groups who committed robberies were moving in the Maleshevo District. The illicit trade-smuggling and corruption were flourishing. The process of illega passing across the Yugoslav-Bulgarian border and emigrating in Bulgaria was continuing because of the comprex economic-social conditions - the insecurity for etate and life and the self - will of the Serbian authorities.

In such conditions a great discontent of the Big Serbian regime was manifested. On the other hand it created a favourable ground to maintain the influence both of the ieas of the Macedonian National Liberation Movement of the Ilinden period and of the old Macedonian socialist powers. At the same time the most part of the voters in the Maleshevo District voted for the Communist Party of Yugoslavia, as a party of the extreme opposition.